ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 01-218/1
01.02. 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешебо, на ден 01.02.2024 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Чешиново-Облешево

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Чешиново-Облешево, бр.01-1740/1 од 18.10.2023 година

Член 2

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, во Одделение за финансиски работи, работното место со реден број 10, со шифра УПР 01 01 В01 000, со звање Советник, со назив на работното место Советник за финансиско- сметководствени работи, **се брише.**

Член 3

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, во Одделение за финансиски работи, по работното место со реден број 15, со шифра УПР 01 01 В04 000, со звање Помлад соработник, со назив на работното место Помлад соработник за извршување на буџет, се додава ново работно место со реден број 15-а, кое гласи:

3.Одделние за финансиски прашања	
Реден број	**15-а**
Шифра	**УПР 01 01 В04 000**
Ниво	В4
Звање на работно место	Помлад оработник
Назив на работно место	Помлад соработник за финансиско-сметководствени работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје:** Општествени науки **Научно истражувачко поле:** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи од областа на финансиско-сметководствени работи
Работни задачи	• Ги следи и применува законските и подзаконските прописи од областа на финансиското работење; • учествува во изготвување на годишна завршна сметка и основни извештаи

	• учествува во изготвување на финансиски план и поединечни извештаи • врши евидентирање на влезните и излезните фактури • врши книжење на сметководствени документи во деловните книги • води сметководствено евидентирање на доспени обврски • врши исплата по сметководствен документација • врши и други работи од делокругот на финансиското работење • врши пресметка и исплата на плати на вработените • соработува со другите административни службеници во Општина Чешиново-Облешево.

Член 4

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, во Сектор за подршка на градоначалникот, општи работи и јавни дејнсоти, Одделение за поддршка на градоначалникот и општи работи, кај работното место со реден број 17, со шифра УПР 01 01 Б04 000, со звање Раководител на одделние, со назив на работното место Раководител на одделение поддршка на градоначалникот и општи работи, во делот Вид на образование,научно истражувачко поле: општествени науки, научно истражувачко подрачје: право, економија и бизнис, се менува и гласи **научно истражувачко подрачје** ,,општествени науки" **научно истражувачко поле** „право, економија и бизнис, образование**".**

Член 5

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, во Сектор за подршка на градоначалникот, општи работи и јавни дејнсоти, Одделение за поддршка на градоначалникот и општи работи, работното место со реден број 23, со шифра УПР 04 05 А01 003 со звање Курир, со назив на работното место Курир, **се брише**.

Член 6

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, во Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштира на животната средина и локален економски развој, Одделение за локален економски развој, кај работното место со реден број 37, со шифра УПР 01 01 Б04 000**,** со звање Раководител на одделние, со назив на работното место Раководител на одделние за локален економски развој и општи работи, во делот Вид на образование научно истражувачко поле:„општествени науки",Научно истражувачко подрачје: „Економија и бизнис" се менува и гласи **научно истражувачко подрачје** „Општествени науки" **научно истражувачко поле** „економија и бизнис, право".

Член 7

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, во Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Одделение за локален економски развој, кај работното место со реден број 38, со шифра УПР 01 01 В01 000, со звање Советник, со назив на работното место Советник за планирање на локален економски развој и остварување на соработка ла локално и регионално и меѓународно ниво, се додава ново работно место со реден број 38-а кое гласи:

5. Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој	
5.2 Одделение за локален економски развој	
Реден број	**38-а**
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**
Ниво	В1
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделние
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје:** Инженерство и технологија **Научно истражувачко поле:** електрично инженерство, електронско инженерство, информатичко инженерство
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на стучни работни задачи и обврски поврзани за информатичката технологија.
Работни задачи	• Ги следи и применува прописите од областа од која што работи и самостојно извршува најсложени стручно – административни информатички, промотивно-информативни и други работи од административна природа • дава стручна помош и подршка при планирање и имплементирање на информатички системи за потребите на општината • врши рутински работи и задачи за организирање и одржување на информатичкиот систем • поврзува нови корисници во компјутерско – комуникационата и ГИС мрежата, ја инсталира, проверува и одржува опремата, спроведува постапки за заштита и реконструкција на базите на податоци; • Ја дизајнира и одржува WEB страната на општината и врши надзор при администрирањето на електронската пошта на вработените.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

	• ги следи современите тенденции во системската анализа, проектирањето, развојот и примената на информационите системи и ги испитува можностите за нивна практична примена; • ги истражува можностите за користење на готови програмски продукти, нивно инсталирање и модифицирање во согласност со конкретните барања и адаптирања на компјутерскиот систем на општината; • изготвува стратегија за развој на информатичкиот систем на општината и стратегијата за развој на електронските сервиси; • предлага решенија за конкретни информатички проекти за воведување системи за управување со документи; • ги дефинира техничките барања и предлага решенија за комплексните проекти за е-сервиси;

Член 7

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат и измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Архивски Бр.01- 218/1
Датум 01.02.2024 година

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов